
LIQUI MOLY

МАГАЗИН

Бесплатен информатор, Бр.1, 2025 година

www.liqui-moly.mk facebook: LiquiMolyMacedonia



Како да го изберете вистинското масло - Сè што треба да знаете за адитивите
Најдобар бренд во Германија - Четири чекори за совршен сервис - Вести
Дилерска и сервисна мрежа во земјата - Тренинг - Акции и кампањи...

Содржина





4

Препорачано моторно масло

TOP TEC 4200 е премиум синтетско масло со вискозност (5W-30). Одличен избор за модерни возила, особено од Групацијата на Volkswagen и BMW.





8

Адитиви

Адитивите на LIQUI MOLY како витамини за вашето возило.

12

Cera Tec

Најпродаваниот адитив за долгорочна заштита на моторот.



Најдобар Бренд во Германија

Читателите на најпопуларните авто магазини во Германија го бираат LIQUI MOLY како Најдобар Бренд во својата класа, 14 години по ред.

LIQUI MOLY Магазин бр.1 - 2025 година, бесплатен информатор
Издавач - Ликви Моли Македонија дооел Скопје
Главен уредник : м-р Зоран Дочински
www.liqui-moly.mk
info@liqui-moly.mk
Facebook : LiquiMolyMacedonia
Тел. 071 30 777 8, 070 400 953, 070 35 88 06

Теми на бројот

4 Како да изберете вистинско масло за вашето возило

Во три едноставни чекори, на веб страната на LIQUI MOLY внесете ги податоците за вашето возило и дознајте кое масло и во која количина е идеална за него.

5 Совршен сервис во четири чекори

Исчистете, подмачкајте и освежете го вашиот мотор и третирајте го вашиот систем за гориво во 4 чекори.

8 Адитиви, како витамини за вашето возило

Се што сакавте да знаете за адитивите.

10 Најпродаваните адитиви за дизел

Кои се најпродаваните адитиви за возила со дизел мотор.

11 Вести и новитети

Најновите вести и информации за LIQUI MOLY во нашата земја.

Содржина



7

Еден бренд, комплетно решение за секој сервис

Со повеќе од 4.000 производи со врвен Германски квалитет, LIQUI MOLY може да одговори на сите ваши барања. Моторни масла, адитиви, сервисни препарати, масла за рачни и автоматски менувачи, хидроулични масла и подмачкувачи...Еден бренд комплетно решение за секој сервис.



14

GEAR TRONIC III

Сосема нова автоматска машина за менување на масло за автоматски менувачи (ATF) на LIQUI MOLY.



14

Масла и адитиви за трансмисија

Масла за менувачи со врвен квалитет.



9

Адитиви за моторно масло

Адитиво за сите видови возила.



LIQUI MOLY Македонија

Овластен и ексклузивен увозник и дистрибутер на LIQUI MOLY за Македонија од 2022 година.

Поминаа полни три години од нашата соработка со Германскиот супербренд LIQUI MOLY на македонскиот пазар. Години во кои успеавме да оствариме рекордни продажни резултати за брендот и да изградиме силна дилерска и сервисна мрежа во Македонија која континуирано напредува и се развива.

Со нашите партнери во земјата создаваме и одржуваме пријателски деловни односи, во кои на транспарентни и фер основи остваруваме позитивни резултати за сите.

Организираме тренинзи, дилерски средби, големопродажни акции, наградни патувања! Спроведуваме маркетинг кампањи, спонзорираме локални настани, им помагаме на нашите клиенти со брендирање, опрема, рекламни материјали.... Се трудиме нашата соработка да биде едно возбудливо, забавно патување кон заеднички поставените цели.

Со нашите партнери и колеги од Германија, исто така, спроведовме и десетици акции за крајните конзументи, со кои се трудиме да им дадеме максимална вредност за вложените пари и да им се оддолжиме за лојалноста што продолжува.

Одиме понатаму... заедно...

LIQUI MOLY Македонија



Вистинското масло за вашето возило

Избегнете грешки, избегнете проблеми. Изберете и ставете го вистинското масло за вашето возило.

Кое масло за вашето возило?

На веб страната на LIQUI MOLY лесно и едноставно утврдете кое масло и во која количина се идеално предвидени за вашето возило.



Кликни

Пребарај

Избери

15W-40, 20W-50, 10W-40, 5W-30, 5W-40, 5W-20, 0W-20, 0W-30... Кое масло одговара за вашето возило?

Ако не го изберете моторното масло кое најдобро одговара на спецификациите на вашето возило, голема е веројатноста дека ќе се соочите со непријатности (преголема потрошувачка, лошо подмачкување, намалени перформанси, а може да се случат и оштетувања на моторот со големи последици).

Oil Guide

Сега, со алатката Oil Guide на веб страната на LIQUI MOLY, овој проблем е комплетно надминат. Со брзо и едноставно внесување на податоците за вашето возило (бренд, модел, година на производство и мотор) за неколку секунди добивате листа на производи од LIQUI MOLY кои можете да ги употребите во вашето возило. Дополнително, ја добивате и информацијата колку литри ви се потребни (согласно препораките на производителот на возилото).

Податоци и за маслата за менувач, глицерин, антифриз.



Сервисен пакет

Комплетен третман

LIQUI MOLY ви нуди специјален сервисен пакет на масло и адитиви за комплетен третман на возилото.



4 чекори за

Совршен сервис

Топ сервис

Ако сакате да го заштитите и да извлечете максимални перформанси од своето возило, редовниот сервис направете го во препорачаните 4 чекори.

Експертите на LIQUI MOLY дизајнираа специјален сервисен пакет во 4 чекори, со кој ќе го исчистите, подмачкате, освежите и заштитите вашиот мотор и систем за гориво. Направете совршен сервис за вашето возило.



Исчистете го моторот

ЧИСТЕЊЕ Пред да го ставите супер квалитетното масло во вашиот мотор, исчистете го одвнатре со некој од адитивите на LIQUI MOLY. Брзо чистење од гареж, талог и нечистотии.



Додајте врвно моторно масло

МАСЛО На страната на LIQUI MOLY во делот OIL GUIDE внесете ги податоците за вашето возило и најдете кое моторно масло идеално одговара на вашиот мотор.



Долгорочна заштита

CERATEC Со керамичкиот адитив CERATEC го штитите моторот од триење, абење и трошење. Подобри перформанси, потивка работа, помала потрошувачка.



Додајте адитив за гориво

ГОРИВО Откако сте го исчистиле моторот, додале супер моторно масло и направиле долгорочна заштита на моторот, додајте и адитив за гориво. Чисти дизни и инјектори, чист систем.



Вести и информации

Најнови информации, вести и промоции од светот на LIQUI MOLY.

Вести



QR Код на капачето на маслата

НОВИНА На капачето на производите на LIQUI MOLY е поставен QR код. Скенирајте го истиот со камерата на вашиот мобилен телефон и следете го линкот.



Информации за секој производ

QR ЛИНК Скенираниот QR код ќе ве однесе на веб страната на LIQUI MOLY на која ќе најдете информации за конкретниот производ, со упатство за употреба и сл.



Масла и адитиви за камиони

КАМИОНИ Премиум моторни масла, масла за менувачи, адитиви, хидроулични масла за комерцијални возила, камиони, градежна и друга механизација. 100% произведено во Германија.



Во официјалните трки на Moto 2 и Moto 3 тркачките моторцикли го користат исклучиво маслото Motorbike 4T Synth 5W-40 Street Race на LIQUI MOLY.

Комплетна гама за моторцикли

МОТОРИ LIQUI MOLY е официјален спонзор и ексклузивен добавувач на моторни масла за спортското натпреварување Moto 2 и Moto 3 од 2015 година, што е само уште една потврда за посветеноста на брендот кон моторциклите. Во гамата на LIQUI MOLY ќе најдете врвни моторни масла, масла за менувач, адитиви и сервисни спрејови за сите 4 тактни и 2 тактни моторцикли.



Брендирање

Искористете ја моќта на глобалниот бренд LIQUI MOLY и дозволете да ви помогнеме да го брендирате сервисот



Партнер за секој сервис

LIQUI MOLY ви нуди огромна палета на производи со врвен Германски квалитет. Идеален партнер за секој сервис. Глобален, светски бренд. Промоции, поддршка, брендирање, опрема, тренинзи.



LIQUI MOLY Македонија ви нуди комплетна поддршка на локално ниво за : набавка, испорака на производи, одложено плаќање, обука, тренинг, маркетинг материјали...

Ако имате сервисна работилница за патнички или комерцијални возила, LIQUI MOLY е вистинскиот добавувач и партнер за вас.

4.000 артикли

Во палетата на LIQUI MOLY ќе најдете 4.000 артикли (моторни масла, масла за менувачи, адитиви, сервисни препарати, опрема и машини) кои се 100% произведени во Германија и имаат врвен квалитет, испитан и докажан на многу европски и светски институти, одобрен од најголемиот број производители на возила во светот. За своите клиенти LIQUI MOLY обезбедува максимална поддршка - тренинзи, рекламни материјали, опрема и софтвер, акции и промоции на сите традиционални и модерни, социјални медиуми. Искористете ја моќта на светскиот бренд и станете и вие синоним за врвен квалитет



Адитиви - витамини за вашето возило

Со секое полнење на гориво или масло, во вашето возило додавате адитиви.

Адитивите на LIQUI MOLY се 100% произведени во Германија, а нивната функционалност е докажана од бројни Институти и производители на возила.

Во палетата на LIQUI MOLY, можете да најдете комплетна гама на адитиви (додатоци) со кои се чистат, одржуваат или подобруваат перформансите на моторот, менувачите, системите за гориво и ладилникот.

Адитиви за масло

Со адитивите за моторно масло, главно се намалува триењето, а со намаленото триење се намалува и трошењето на моторот, потрошувачката на масло и гориво и се подобруваат перформансите на моторот.

Адитиви за гориво

Согорувањето на гориво (бензин или дизел) во моторот создава гареж, наслаги и нечистотии кои се таложат на дизните, инјекторите, dpf-от што ги влошува перформансите и работата на моторот. Адитивите за гориво го чистат моторот и системите за гориво и овозможуваат подобра и поекономична работа и го штитат системот за гориво од корозија и дефекти.

Намената на адитивите препознајте ја по бојата на капачето. Црно - адитиви за масло, сино - за бензин, црвено - дизел, бело - ладилник.





Витамини и сервисни препарати

Како витамини за организмот, адитивите ги подобруваат перформансите, одржуваат здравјето на моторот и компонентите, превенираат и решаваат разни сервисни проблеми

Адитиви за моторно масло

ЗА ОДРЖУВАЊЕ И СЕРВИС

LIQUI MOLY ви нуди адитиви кои се додаваат директно во моторното масло за : чистење на моторот, заштита, подобри перформанси, решавање на проблеми.



Адитиви за гориво

ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ

Адитиви кои се додаваат во резервоарот за гориво. За чистење на дизни, инјектори, системот за гориво, dpf филтерот... За подобри перформанси





Адитиви за ладилникот

ЗА ЧИСТЕЊЕ И СЕРВИС

Со адитивите за ладилникот се чисти ситемот за ладење (Radiator Cleaner) или се запира капење на разладната течност (Radiator Stop Leak).



Адитиви за менувач

ЗА ЧИСТЕЊЕ И СЕРВИС

За подобра работа на менувачите (рачни и автоматски), за полесно менување брзини, за одржување на трансмисијата и решавање проблеми.

Бестселери

Најпродаваните адитиви за дизел

За чистење и одржување на дизните, системот за гориво, dpf, бош пумпи...





5128

Diesel Engine System Cleaner

Ги чисти дизните и сите компоненти на системот за гориво од гареж и нечистотии. Штити од абење. Ги подобрува перформансите и намалува потрошувачка на гориво. Едно пакување за 75 литри дизел гориво.

Common Rail Additive

Адитив за чистење на целиот систем за гориво од гареж, абење и корозија. Обезбедува оптимално согорување и минимална емисија на гареж и штетни материи со што се штити и dpf филтерот. Особено за common rail мотори. Едно пакување - за 75 литри гориво.

20808



DPF Protector

Адитив за оптимално согорување на горивото, минимално формирање на чад и гареж, што директно го штити dpf филтерот од затнување. Најдобро делува превентивно.

5148



Адитиви за Дизел

Одвртете го црвеното капаче, навртете ја специјално направената инка и додајте витамини во вашиот резервоар за гориво. Толку е едноставно...

3722



Speed Tec Diesel Additive

Адитив за подобри перформанси на возилата со дизел мотори. Подобро забрзување и полесно стартување на моторот. За мотори со и без dpf. Еден адитив е доволен за 70 литри гориво



20807

Super Diesel Additive

Го чисти гарежот од дизелскиот систем за вбризгување и комората за согорување, Го покачува кетанскиот број. Гарантира помала потрошувачка на гориво.



5122

Diesel Lubricity Additive

Го намалува абењето и го штити целиот систем за гориво од корозија. Го продолжува животниот век на пумпата за вбризгување (бош пумпа). За возила со и без dpf. Еден адитив е доволен за 80 литри дизел гориво.

Соработката со LIQUI MOLY ќе ви донесе одлична можност за профит, но и вистински партнер за поддршка и уживање во работата.



Промоции



Адитиви за AdBlue

AD BLUE Во LIQUI MOLY од неодамна можете да набавите и специјални адитиви за Ad BLue. Употребата на овие адитиви спречува кристализирање на течноста, формирање на наслаги во AdBlue® резервоарот и дефекти во SCR системот за дизел гориво. Во неколку пакувања - за употреба во патнички и товарни возила.

Тренинзи и семинари

СЕМИНАРИ Заедно со нашите Германски колеги, секоја година организираме партнерски средби, семинари и тренинзи во Македонија. На овие настани се дружиме со нашите клиенти и партнери, разменуваме искуства, добиваме нови знаења и вештини. Заеднички ги правиме плановите за идните активности. Традиционално, доделуваме награди и признанија за нашите најуспешни соработници.





Наградни патувања и акции

ЗАБАВА Работиме вредно и посветено, но имаме пасија и добро да се забавуваме со нашите соработници од земјата. Од тие причини, во изминатите три години организиравме повеќе наградни патувања во Германија (Штутгарт, Минхен, Берлин)... Во 2025 година, како награда за успешната соработка патувавме на светското ракометно првенство во Хрватска, спонзорирано од LIQUI MOLY.

Спонзорства и реклами


МАРКЕТИНГ На глобално ниво LIQUI MOLY е спонзор во F1, Moto2 и Moto3, европските и светски првенства во ракомет, скијање, хокеј. Спонзор е на фудбалски и кошаркарски клубови... Во изминатите три години и нашата компанија - LIQUI MOLY Македонија беше горд спонзор на нашиот најдобар тркач Игор Стефановски Иџе, на ФК Вардар и на повеќе регионални трки и мотор шоуа . За поддршка на нашите партнери организираме и силни кампањи на радио, ТВ, социјалните мрежи... Продолжуваме...



Meguin

ВТОР БРЕНД Meguin е вториот бренд на LIQUI MOLY кој се произведува во истата фабрика во Сар Луис, Германија. Со сериозна палета на масла, масла за менувачи, адитиви и сервисни препарати со одличен квалитет производите на Meguin на нашите клиенти им нудат одлична вредност за вложените пари.





Керамичка заштита
За подобри перформанси на моторот, долгорочна заштита од абење, подолг животен век. Намалено триење и потрошувачка на масло и гориво.

Cera Tec



Cera Tec. За долгорочна заштита

Врвен адитив на LIQUI MOLY што го намалува триењето на подвижните делови во моторот и мануелните менувачи. Со ефект до 50.000 км

Високотехнолошки адитив на керамичка база, што го намалува триењето на металните подвижни делови во моторот и мануелните менувачи. Намаленото триење го намалува и трошењето на моторот (абењето) и го продолжува неговиот животен век. Помалото триење предизвикува и намалена потрошувачка на масло и гориво. Адитивот ги подобрува перформансите и смирува моторот. Еден адитив е доволен за 5 литри масло. Се меша самиот. Да се промеша пакувањето пред да се додаде.





Oil additive

Се започна од овој адитив на база на MoS2, што го намалува триењето во моторот, а со тоа и потрошувачката.

Адитиви за масло

Најпродавани адитиви за масло од LIQUI MOLY

Ова се најпродаваните адитиви кои се додаваат во моторното масло. Ги подобруваат перформансите во моторот или решаваат сериозни сервисни проблеми.



Hydraulic Lifter Additive

20801 Адитив што ги намалува тапиот звук и бучавоста кои се создаваат во хидроуличните подигнувачи. Ги чисти маслените протоци по што хидроуличните подигнувачи повторно работат нормално. Ја намалува бучавоста што ја создава и ланчето во моторот.



Може да се користи кај сите бензински и дизел мотори со и без dpf. Едно пакување доволно за 6 литри масло.



Motor Protect

1018 Полно синтетички адитив што го намалува триењето и абењето на моторните компоненти. Има долгорочен ефект од 50.000 км. Заштитната обвивка на sидовите на моторните компоненти го намалува триењето, со што се намалува и потрошувачката на масло и гориво. Едно пакување од 500 мл е доволно за 5 литри моторно масло. Гарантира оптимални перформанси.





Motor Oil Saver

20802 Го спречува капењето и маслените дамки под возилото. Ги обновува гумените и пластични делови во заптивките и дихтунзите. Ја намалува бучавоста на моторот и капењето масло. Еден адитив е доволен за 5 литри масло. Заптивањето почнува да функционира по



изминати 600 - 800 км. Може да се додаде во било кое време во маслото. Откако ќе се додаде да се вози до загревање на моторот.



Премиум масла за трансмисија

LIQUI MOLY ви нуди и комплетна гама на масла за трансмисија (за мануелни и автоматски менувачи)

Во палетата на LIQUI MOLY ќе најдете и комплетна понуда на трансмисиони масла (масла за менувачи) со врвен квалитет. И маслата за менувачи се 100% произведени во Германија.

Вистинско масло за вашето возило

На веб страната на LIQUI MOLY, можете да ги најдете и трансмисионите масла кои идеално одговараат на вашето возило. Само внесете го производителот и моделот на возило со кое располагате.

Одобрени од производителите на возила

Трансмисионите масла на

Трансмисиони масла со Германски квалитет за сите видови и марки на возила на европскиот и светски пазар.

LIQUI MOLY ги исполнуваат стандардите на голем број производители на возила. Покрај MTF и ATF маслата, во LIQUI MOLY ќе најдете масла и за менувачи со двојна спојка, масла за серво волан, специјални и специфични масла за диференцијали. Дополнително, LIQUI MOLY ви нуди и богата палета на адитиви за подобрување на перформансите на менувачот.



GEAR TRONIC III е најновата, целосно автоматска машина на LIQUI MOLY за промена на ATF масла (масла за автоматска трансмисија)







Голема заштеда за вашиот бизнис

Искусните сопственици на возни паркови знаат дека цената на набавените масла и течности не е најважниот фактор за успешноста на нивниот бизнис.





Вистинската заштеда доаѓа од врвниот квалитет на производите со кои идеално се подмачкуваат, чистат, ладат и одржуваат во топ кондиција нивните возила и механизација.

Врвните масла и адитиви на LIQUI MOLY превенираат скапи поправки, предвремена амортизација на возилата и ја намалуваат потрошувачката на масло и гориво што ќе донесе голема заштеда за вашиот бизнис.





Побарајте не за анализа на вашиот возен парк, совет и понуда.





205 л.

60 л.

20 л.







www.liqui-moly.mk



Масла, адитиви и сервисни препарати произведени во Германија

Со палета од над 4.000 артикли, LIQUI MOLY ви нуди комплетна нега за вашето возило или возен парк. Моторните масла, масла за менувачи, адитиви, сервисни препарати, опрема и козметика за автомобили се 100% Произведени во Германија и имаат врвен, премиум квалитет. Проверете зошто LIQUI MOLY е Најдобар Бренд во Германија, 14 години по ред.
Комплетни решенија за сите видови, марки и модели на возила, моторцикли и механизација.



www.liqui-moly.mk Facebook : LiquiMolyMacedonia E-mail : info@liqui-moly.mk

Тел. 070 35 88 06, 070 400 953, 071 30 777 8